Бр./Nr 12-301/1
15-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1638/1 од 28.05.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во спроведување на постапка по јавен оглас на ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1638/1 од 28.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.05.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во спроведување на постапка по јавен оглас на ///, и оформен е предмет број 12-1638/1 од 28.05.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во спроведувањето на постапката по јавниот оглас со број /// објавен од страна на ///, за вработување на едно лице на работното место ///. Подносителот на пријавата опишал околности кои упатуваат на нетранспарентност на постапката по огласот, а воедно, изразил и сомневање во однос на критерумот за завршено образование утврден во огласот.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Министерството за култура и туризам и до Државниот инспекторат за труд.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Пријава со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата врз чија основа е оформен предметот 12-1638/1 од 28.05.2025 година била доставена и до Министерството за култура и туризам, кое оценило дека наводите од пријавата се однесуваат на можни неправилности во работењето на /// во областа на работните односи, и тоа на можни неправилности во постапка по јавен оглас за вработување во јавен сектор на работно место /// – ///, за кое работно место, согласно одредбите на Законот за културата, не е предвидено спроведување на аудиција во рамки на постапката по јавен оглас.
Имајќи предвид дека спроведувањето на постапката по оглас за вработување на конкретното работно место е уредено со одредбите на Законот за работни односи и одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, како и тоа дека инспекциски надзор над спроведувањето на овие одредби и на прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот инспекторат за труд, пријавата била доставена на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд.
Државниот инспекторат за труд постапил по пријавените наводи и во насока на проверка на истите извршил инспекциски надзор над субјектот /// при кој бил составен Записник /// од /// година во кој, по утврдената фактичка состојба, во постапката по јавниот оглас со број /// на /// не биле констатирани неправилности.

Имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба Државниот инспекторат за труд не констатирал неправилности, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека нема елементи за натамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Контролирал: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата